Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 04-1855/3
17-03-2020 20 год.-viti
Скопје-Shkup

# Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Орган на државна управа (назив)** | Министерство за економија |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Бојана Јосифовска – Координатор за еднакви можности за жените и мажите / Соработник за за еднакви можности за жените и мажите во Сектор за управување со човечки ресурси<br>Ваљмира Шерифи – Заменик координатор за еднакви можности за жените и мажите/ Виш соработник за буџетска аналитика и координација во Сектор за финансиски прашања |
| **Период на известување** | 2019 година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 12.03.2020 година |

**Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност**

**Датум,** 17-03-2020

**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR,**
**Kreshnik Bekteshi**

**(Одговорно лице во органот на државна управа)**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

______________________

**Име Презиме** (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот)

**Потпис**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ:

**2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)**

**А) Позитивни**

**Б) Охрабрувачки**

**В) Програмски**

**2.2 Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

Рамноправност во поглед на учество на пазарот на трудот со финансиска поддршка на женското претприемништво.

**2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

- Во програмата за конкурентност, иновации и претприемништво како обединета програма на два сектора (Сектор за претприемништво и конкурентност на Мали и Средни Претпријатија и Сектор за индустриска политика), Во Областа А – Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство, за мерката – Финансиска поддршка за женско претприемништво аплицирале 38 (триесет и осум) апликации за женско претприемништво, од кои 21 (дваесет и една) од апликациите ги исполниле условите и на истите им беа исплатени одобрените средства (вкупно 2.307.370 ден.) за кофинансирање на докажаните трошоци за предвидените намени (набавка на опрема, уредување на простор, воведување на софтверски решенија).

**2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот/**

## 3. НАВЕДЕТЕ ГИ ПРЕЗЕМЕНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД:

**3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:**

- Предвидени средства за Финансиска поддршка на женското претприемништво;
- Министерството за економија изготви Стратегијата за развој на женското претприемништво, со Акциски план кој ќе се имплементира во периодот 2019 – 2023.

Стратегијата за развој на женското претприемиштво во Република Северна Македонија, 2019-2023 има за цел економско јакнење на жените преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемнички потенцијал со што ќе се придонесе кон развојот на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање

---

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

на нови работни места, а со тоа и јакнење на целокупната економија.
Стратегијата ќе ја координира Владата на Република Македонија преку Министерството за економија како носител на оваа стратегија.
Затоа, за спроведување на мерките и активностите на оваа стратегија ќе се воспостави меѓуресорска работна група за утврдување на меѓуресорските политики за реализација на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019 – 2023.

**3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

Воспоставување рамноправност на мажите и жените во рамки на своите надлежности.

**3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор)**

Следниве податоци се однесуваат на мерката 2.2. Финансиска поддршка за женско претприемништво:

а) За 2018 година - Од предвидените 2.000.000,00 денари за субвенционирање на претпријатија во сопственост и управувани од жени, одобрени беа вкупно 1.993.598,00 денари за вкупно 16 (шеснаесет) апликанти

б) За 2019 година - Од предвидените 2.500.000 денари денари за субвенционирање на претпријатија во сопственост и управувани од жени, одобрени беа вкупно 2.307.370,00 денари за вкупно 21 (дваесет и еден) апликанти.

в) За 2020 година – Се предвидени 1.500.000,00 денари за мерката 2.2. Финансиска поддршка за женско претприемништво.

Во 2019 година за мерката 2.2. Финансиска поддршка за женско претприемништво беа предвидени 2.500.000 денари но истите не беа искористени во целост, односно реализирани беа 2.307.370 ден. Ова се случува поради тоа што во Програмата КИП има и други мерки со кои се кофинансираат трошоци на компании (пр. мерката Финансиска поддршка за ММСП и Субвенционирање на трошоци на занаетчии) и максималниот износ на доделени средства е поголем отколку кај мерката женско претприемништво (кај мерката ММСП е 300.000 ден, кај мерката субвенционирање на занаетчии е 200.000, а кај ЖП е 120.000-150.000).
Жените кои имаат компании можат да аплицираат и по сите други мерки за кофинансирање на трошоци направени за разни намени.
Затоа, во 2020 година, износот за мерката Финансиска поддршка за женско претприемништво се намали на 1.500.000 ден. но со Програмата се предвиде во сите други мерки при подготвувањето на јавните повици да се воведат стимулативни критериуми доколку апликант е компанија во сопственост и управувана од жена.
Така на пример во Јавниот повик за финансиска поддршка на ММСП (во тек е, објавен е на веб на МЕ) во т. 2. Право на учество стои „- Имаат минимум 3 (тројца) вработени на неопределено, полно работно време. Доколку апликантот е претпријатие во сопственост од жена (над 50%) и управуван од жена, треба да има минимум 2 ( двајца ) вработени на неопределено полно работно време;".

**3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот: //**

## 4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ:

**4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија, 2019-2023 се подготвуваше во соработка со Здружението на бизнис жени.

**4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**

*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

| ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА ПО ПОЛ И ЗВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| Звање | Вкупен број | Мажи | Жени |
| | | | |
| Државен советник | 6 | 4 | 2 |
| Раководител на сектор | 9 | 4 | 5 |
| Помошник раководител на сектор | 8 | 4 | 4 |
| Раководител на одделение | 23 | 8 | 15 |
| Советник | 37 | 13 | 24 |
| Соработник | 1 | 1 | 0 |
| Виш соработник | 5 | 5 | 0 |
| Помлад соработник | 25 | 1 | 14 |
| Самостоен референт | 11 | 7 | 4 |
| Виш референт | 2 | 0 | 2 |
| Помлад референт | 8 | 6 | 2 |
| Вкупен број | 135 | 63 | 72 |

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**

*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

## 5. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ:

**5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за Родова Еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува.**
**Опишете според:**
а) Постигнати резултати
б) Реализирани активности
в) Индикатори за мерење успешност
**г) Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства**

**5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?**
Да, Во актот на систематизација се наведени надлежностите на координаторот.

**5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано?**
Обуки на кои Заменик Координаторот има присуствувано за 2019 година:
1.Транспарентност во климатските политики (работна група);
2.Размена на добри практики за недискриминација – работата на австриските механизми за еднаквост и националните механизми за еднаквост (мај 2019);
3. Работилница - Резултати од имплементацијата на Пекингшката декларација и Платформа за акција во Република Северна Македонија +25 (април 2019);
4. Унапредување на правата на ЛГБТИ заедницата во Македонија (Конференција, јуни 2019);
5. Обуката за работилница за Планот за родова акција (Gender Action Plan II) на Европската Комисија (мај 2019);
6. Конференција-Интегрирање на родовата перспектива во процесите на ЕУ интеграција (јуни 2019);
7. Обуката за работилница за Планот за родова акција (Gender Action Plan II) на Европската Комисија (јуни 2019);
**Дали тие во обуките се јавиле како:**

**а) слушатели**
б) обучувачи

**5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). имаат посетено:**
а) координатор за еднакви можности
**б) заменик координатор за еднакви можности:**
- Размена на добри практики за недискриминација – работата на автриските механизми за еднаквост и националните механизми за еднаквост (мај 2019);

**5.5. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашиот ОДУ, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

**Ве молиме опишете :**
Усно споделување на информациите како и материјалите од обуките, семинарите, и др.

**5.6. Колку и кои иницијативи (предлог закони, предлог стратегии, предлог информации до влада, предлог акциски планови, предлог буџети, предлог стратешки планови) координаторот и заменикот координатор за еднаквите можности на жените и мажите имаат доставено до ОДУ?**

Предлагаме следно:

- Едукација на апликантите (прикажување на сите чекори за аплицирање, отварање на бизниси и др. на поедноставен начин и терминологија пример преку YOUTOBE tutorial, креирање на Help Desk центар, флаери и др);
- Зголемување на буџетот /фондот за женско претприемништво;
- Подобрено информирање и подигање на свеста на жените за можностите кои се нудат во пристапот до субвенции за развој на сопствени бизниси и
- Засилени активности во делот на женското претприемништво и подобар пристап на жените до можности за развој на сопствени бизниси.

**5.6. Колку од тие иницијативи биле успешни?**

## 6. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

6.1 **Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале**

///

**6.2 Споделете пример за добра или лоша пракса**

///

**6.3. Наведете примери за научени лекции**

## 7. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:

***7.1.* Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)**

- Подигање на свеста за женско претприемништво;
- Програма за женско претприемништво;
- Дефинирана буџетска рамка;
- Вклучување на Родовиот аспект согласно упатства за изработка на стратешките планови и др;
- Јакнење на институционалните механизми и градење на капацитети во однос на родовиот аспект.

## 8. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:

**8.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост**

**б) Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Изработил/ Përpiloi: М-р Ваљмира Шерифи, M-r Valmira Sherifi
Бојана Јосифовска/Bojana Josifovska
Контролирал/ Kontrolloi: М-р Надица Николоска, M-r Nadica Nikoloska
М-р Размена Чекиќ Дуровиќ, M-r Razmena Çekiq Duroviq

Одобрил/ Aprovoi:М-р Фатмире Хоџа, M-r Fatmire Hoxha

Согласен/Miratoi: Зоран Павловски, Zoran Pavllovski

**Со почит,**

**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR,**
**Kreshnik Bekteshi**